Архивски број: 08-64/6
07-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-765/1 од 27.10.2023 година поднесена од ротив НУ „Завод и музеј" Битола и за извршена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.3.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на НУ „Завод и музеј" Битола и врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-765/1 од 27.10.2023 година, поднесена од страна на и за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на НУ „Завод и музеј" Битола и

Согласно наводите од претставката, подносителите се вработени во НУ „Завод и музеј" Битола, со тоа што истакнуваат дека во текот на нивните работни односи, се имаат стекнато со следните звања:

-
-
-
-

Во однос на претходно наведеното, подносителите на претставката истакнуваат дека ваква стекнатите стручни звања не им се признати во рамките на институцијата во која се вработени. Во врска со ова, дополнително истакнуваат дека во НУ „Завод и музеј" Битола нема ниту еден стручен работник со признаено звање Конзерватор советник, при што нема вработен на таа позиција кој би вршел непосредна заштита на артефакти, дополнително на тоа што нема ниту еден кустос со признато повисоко стекнато стручно звање – Виш кустос.

Подносителите на претставката наведуваат дека доставиле писмено обраќање до Управниот одбор на НУ „Завод и музеј" Битола, писмено обраќање до Министерството за култура и Синдикалната организација од областа на културата, при што тврдат дека не добиле одговор на предметните барања.

Подносителката која прва се стекнала со стручното звање Конзерватор советник – испратила писмено барање до Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за култура и до директорката на НУ „Завод и музеј" Битола. Притоа, во одговорите кои ги добила од страна на Министерството за финансии и Министерството за култура е наведено дека за распоредување/унапредување на 2 лица од Институцијата се обезбедени финансиски средства и е напоменато дека добиената согласност треба да биде реализирана од страна на НУ „Завод и музеј" Битола. Дополнително на ова, наведуваат дека има и барање за согласност за финансирање на стручни звања доставено до 28.12.2020 година, на што подносителите добиле одговор дека се одобрени средства за нивно унапредување/распоредување.

И покрај претходно спомената согласност и одобрение од страна на надлежните министерства, подносителите истакнуваат дека сè уште не е постапено по нивните барање да бидат распоредени на работни позиции кои се во согласност со нивните последни стекнати стручни звања. Дополнително на ова, во претставката е наведено дека поради фактот што тие уште се водат на работни позиции согласно претходно стекнатите стручни звања, освен фактот што се финансиски оштетени, постојано се деградирани од страна на директорката на музејот и се исклучувани од домашни и меѓународни проекти. Во однос на деградирањето, наведуваат дека при секое потпишување со нивните последни стекнати звања, им следат писмени предупредувања од страна на директорката на музејот, со кои им се забранува да ги користат новостекнатите звања, поради што и се спречени од поднесување на Годишни проекти од областа на културата до Министерството за култура, поради фактот што со тие најниски звања не можат да добијат проект и истиот да го реализираат. Поради претходно наведеното, наведуваат дека следствено на истото нивниот понатамошен кариерен развој и унапредување се оневозможени, имајќи го во предвид фактот дека спреченоста да раководат со проекти ги оневозможува да добијат доволно бодови при конкурирањето за следното повисоко звање од нивната област.

Во продолжение на претставката е наведено дека лицето против кое истата е поднесена, ја извршува својата работна позиција од јануари 2020 година, при што во периодот од нејзиното назначување за таа се стекнала со повисоко стручно звање за нејзиното работно место, кое е ставено во мирување од денот на нејзиното назначување како

Подносителите на претставката за заштита од дискриминација тврдат дека од страна на директорката им е укажано дека единствена причина за проблемот со кој се соочуваат претставува актуелниот Правилник за систематизација на работни места во НУ „Завод и музеј" Битола, при што подносителите истакнуваат дека во периодот откако е на позицијата направени се неколку измени на актот за систематизација, при што се унапредила од позиција Виш кустос, на позиција Кустос советник согласно систематизацијата од 7.9.2020 година. Следствено на ова, во овој период додека е поставена како таа е единствената која го остварила правото на унапредување, и покрај фактот што нејзиното работно место е ставено во мирување.

На крајот на претставката наведено е дека последната измена на Правилникот за систематизација на работни места во НУ „Завод и музеј" Битола била направена во 2022 година, согласно кој за секое унапредување одлучува раководителот на установата, кога тој ќе смета дека има потреба од истото.

Во прилог на претставката беа доставени и:

- Решение за избор во стручно звање за бр. 04-133/1 од 15.3.2021 година издадено од Министерство за култура;
- Решение за избор во стручно звање за бр. 04-494/1 од 25.11.2020 година издадено од Министерство за култура;
- Решение за избор во стручно звање за бр. 04-4/1 од 10.1.2022 година издадено од Министерство за култура;
- Решение за избор во стручно звање за бр. 04-35/1 од 26.1.2022 година издадено од Министерство за култура;
- Барање од бр. 02-128/1 од 15.3.2022 година до НУ „Завод и музеј" Битола;
- Барање бр. 02-437/1 од 20.3.2023 година до Управниот одбор на НУ „Завод и музеј" Битола;
- Известување од подносителите доставено до Министерство за култура до 18.9.2023 година;
- Барање за информации до Министерство за информатичко општество и администрација од 18.5.2021 година;
- Барање за корекција на решение за формирање на комисија за вршење на ревизија на музејски предмети во депото на современа уметност до директорката на НУ „Завод и музеј" Битола бр. 04-87/4 од 28.4.2021 година;
- Одговор на барање за корекција на решение бр. 03-169/3 од 28.4.2021 година;
- Известувања за користење на актуелно звање бр. 04-213/2, 04-213/3 04-213/4 и 04-213/5 од 16.5.2022 година, бр. 04-292/1 од 24.6.2022 година
- Писмени предупредувања од директорката на НУ „Завод и музеј" Битола бр. 04-291/1, 04-290/1 од 24.6.2022 година;
- Правилник за систематизација на работните места во НУ „Завод и музеј" Битола бр. 01-317/3 од 7.4.2020 година;
- Решенија за формирање на стручни тимови за проекти и истражувања.

Во прилог на претставката за заштита од дискриминација, дополнително беа доставени и барање за согласност за финансирање на стручни звања бр. 03-553/1 од 28.12.2020 година од НУ „Завод и музеј" Битола до Министерство за култура, при што на истото е одговорено позитивно, односно наведено е дека од страна на Министерството за култура се издвоени средства за распоредување/унапредување на 3 лица, во кои се вбројува и една од подносителите на претставката – , за работно место конзерватор-советник. Подносителката на 22.3.2021 година поднела барања за информации до Министерството за финансии и министерството за култура, при што добила одговор од страна на Министерството за култура дека е добиена согласност бр. 18-1096/2 од Министерството за финансии, со што се обезбедени финансиски средства за нејзино распоредување/унапредување во установата во која е вработена.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.12.2023 година испрати Известување бр. 08-765/5 за произнесување по наводите од претставката до НУ „Завод и музеј" Битола и

На ден 12.1.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на НУ „Завод и музеј" Битола и како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-64/1.

Од наведено е дека во однос на истото правно прашање, лице вработено во музејот, кое е не е дел од подносителите на претставката за заштита од дискриминација водел судски спор пред Основен суд Битола кој донел пресуда со која се одбиваат тужбените барања на тужителот, односно Апелациониот суд Битола донел пресуда со која се потврдува првостепената пресуда.

Дополнително на ова, во продолжение на произнесувањето е наведено дека подносителите на претставката се обратиле и до други институции – до Министерството за култура, за што тврди дека немаат никакво барање за одговор, како и до Управниот Одбор на НУ „Завод и музеј" Битола, кој на подносителите им укажал дека кон нивно унапредување ќе се пристапи во моментот кога за тоа би се создале услови согласно Актите за систематизација на работните места во музејот. Во однос на евентуалните унапредувања, наведено е дека за тоа не одлучува овластеното лице на НУ „Завод и музеј" Битола, туку дека истото е „законски одредено преку јасни одредби во законите и подзаконските акти, како и одлуките на надлежното министерство".

Како одговор на наводите дека НУ „Завод и музеј" Битола била унапредена во звање на на установата, наведено е дека истите немаат никаква импликација со нејзината актуелна позиција и не се во колизија со неа, поради тоа што ваквото унапредување е извршено по автоматизам, согласно тогашните важечки законски одредби, за разлика од процедурата која е уредена денес, по измените на Законот за вработени во јавниот сектор, кој условил промена на Актите за систематизација на работните места со систематизирање на максимум 10% слободни работни места во однос на бројот на актуелно вработени.

Во прилог на произнесувањето, НУ „Завод и музеј" Битола ја достави следната документација:

- Правосилна пресуда од Основен суд Битола РО-53/22;
- Пресуда на Апелациониот суд Битола РОЖ-181/22;
- Решение од Министерство за култура за избор во стручно звање, за ..ова бр. УП128-42 од 23.7.2019 година;
- Извештај за функционална анализа бр. 03-26/5 од 12.8.2020 година;
- Записник од одржана седница на УО на НУ „Завод и музеј" Битола бр. 02-342/1 од 21.8.2020 година, со кој се прифаќа претходно наведената функционална анализа;
- Правилник за систематизација на работните места бр. 01-294/1 од 19.4.2016 година, со систематизирани вкупно 83 работни места, а пополнети 55 работни места;
- Правилник за систематизација на работните места бр. 01-317/3 од 7.9.2020 година - измена на правилникот за систематизација на работни места бр. 01-294/1 од 19.4.2016 година со цел негово усогласување согласно законските измени од Законот за вработени во јавниот сектор – член 17 став 5. Со овој правилник се систематизирани вкупно 56 работни места, од кои 51 се пополнети;
- Одлука за согласност на Правилникот за систематизација на работните места на УО на НУ „Завод и музеј" Битола бр. 02-367/2 од 7.9.2020 година.

На ден 16.1.2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати барање за дополнителни информации во однос на поднесената претставка, со кое подносителите беа задолжени да ги допрецизираат околностите во однос на дискриминаторскиот основ: личен и општествен статус.

На 22.1.2024 година, до Комисијата беше доставено известување со дополнителни информации, согласно кое подносителите на претставката наведуваат дека личниот и општествен статус кој тие го уживаат со стекнувањето на стручното звање по одлука на надлежното Министерство за култура. Оттука, подносителите истакнуваат дека и покрај нивните стекнати звања, имаат забрана од страна на да ги користат истите, со тоа што подносителите кои се стекнале со звањето виш кустос се третирани со најниско звање – кустоси, поради што се спречени да бидат делово од проекти, во однос на фактот што раководители на сите проекти во музејската дејност се двајца вработени со стекнато највисоко звање кустос – советник, кои се истовремено и членови на Управниот Одбор на музејот.

Дополнително на ова, подносителите истакнуваат дека последната измена на Актот за систематизација на работните места во музејот била во периодот откако е на таа позиција, со тоа што таа се стекнала со правото да го употребува добиеното звање, наведувајќи дека актот за систематизација исто така бил изменет во последниот период и за новвработени лица.

Во однос на претходно наведеното, подносителите наведуваат дека во останати музеи во Република Северна Македонија, стручните звања на вработените им се признаваат и актите за систематизација се изменети со цел да на истите им биде овозможено унапредување на работното место.

На ден 1.3.2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати барање за дополнителни информации во врска со предметот до со кое беше побарана информација дали музејот и како одговорно лице започнале постапка за измена на правилникот за систематизација на работните места, со што формално би се овозможило да се спроведат решенијата за избор во стручни звања на подносителите на претставката за заштита од дискриминација. Дополнително на ова, беше побарана информација во однос на тоа дали од страна на музејот биле поднесени барања за согласност за обезбедување на финансиски средства до Министерството за култура во врска со решенијата за избор во стручно звање со кои подносителите се стекнале.

На 15.3.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на предметното барање заведен под арх. бр. 08-64/5. Во истиот, на НУ „Завод и музеј" Битола наведува дека сите вработувања и унапредувања зависат од согласноста на Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и во крајна инстанца, од Министерството за финансии. Оттука, во одговорот е истакнато дека постапката за измена на актот за систематизација на работните места во музејот не е отпочната, од причина што до крајот на 2023 година чекале да се реализираат вработувањата предвидени со планот за вработување за 2023 година. Притоа, наведено е дека по добивањето на 1 ново вработување во јануари 2024 година, постапката била прекината поради распишувањето на избори, при што истата би била продолжена по нивното завршување, односно од страна на раководниот кадар на музејот би се пристапило кон измена на актот за систематизација во насока на предвидување на работни места со цел унапредување на вработените кои се стекнале со повисоки стручни звања.

Во однос на второто барање на Комисијата, од страна на музејот одговараат дека не можат да бараат финансиски средства за работни места кои не се систематизирани согласно нивниот правилник за систематизација. Притоа, истакнуваат дека во моментот кога истите би биле систематизирани, ќе продолжи постапката на унапредување. Споредувајќи ја постапката за унапредување со онаа за вработување, на крајот на одговорот е истакнато дека годишните

планови на музејот мора да бидат одобрено од страна на Министерството за финансии во крајна инстанца.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на НУ „Завод и музеј" Битола и [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Во конкретниот случај, Комисијата констатира дека во недостаток на повреда на право врз наведената дискриминаторска основа и понеповолен третман, произлегува дека не е исполнета законската дефиниција за сторена дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Од утврдената фактичка состојба произлегува дека во случајот не постојат индиции кои укажуваат на тоа дека пропуштањето на унапредувањето на подносителите на претставката за заштита од дискриминација се базира врз основ на нивниот личен и општествен статус, кој во претставката е наведен како дискриминаторска основа.

Дополнително на ова, може да се воочи дека непостапувањето по решенијата за избор во стручни звања на подносителите на претставката за заштита од дискриминација, односно пропуштањето да тие бидат унапредени на работните места согласно нивните ново-стекнати звања, не се должи на некоја дискриминаторска основа и потребно е да се пристапи кон измена на актот за систематизација на работните места во НУ Завод и музејот Битола со цел да биде исполнет условот на слободни работни места на конкретните позиции, следствено на што подносителите би можеле формално да бидат унапредени на истите.

Оттука, имајќи го во предвид фактот дека една од подносителките – [redacted] добила потврда за согласност за одобрување на финансиски средства за нејзино унапредување од страна на Министерството за култура на 2.4.2021 година, Комисијата констатира дека станува збор за одобрени средства од буџетот на Министерството за култура на Република Северна Македонија за 2021 година, со тоа што во моментот на поднесување на претставката за заштита од дискриминација, немало потврда за согласност за издвоени средства во 2023 година за унапредување и прераспоредување на подносителите на претставката согласно нивните стекнати стручни звања, при што за ваквото нивно прераспоредување е најпрво потребно да се одобрат средства од буџетот за тековната година.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на НУ „Завод и музеј" Битола врз [redacted]

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
7.5.2024

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

**Претседател на Комисијата**
**Игор Јадровски**

**Доставено до:**

-
-
-
-
- **НУ „Завод и музеј" Битола, директорка Мери Стојанова, ул. „Климент Охридски" бр. 18, 7000 Битола**